Република Србија
**Министарство унутрашњих послова**

# Политика за приватност
# Иницијатива „Отворен Балкан“
# Известување за заштита на личните податоци

Како дел од услугата за еВлада **Одобрение за слободен пристап до пазарот на труд во Република Србија** (во натамошниот текст: Услугата), што е достапна на порталот на еВлада, Министерството за внатрешни работи ги обработува Вашите лични податоци со цел да провери дали ги исполнувате условите за издавање на Одобрение за слободен пристап до пазарот на труд.

Овој документ содржи информации во врска со обработката на Вашите лични податоци во текот на користењето на услугата, како и информации во врска со искористувањето на Вашите права за заштита на Вашите лични податоци, со цел да бидете информирани за горенаведената обработка и правата што може да ги искористите за да се заштитите.

**Контролор на идентитет и контакт информации**

Контролор на личните податоци во текот на потврдувањето за исполнување на условите за издавање на Одобрение за слободен пристап до пазарот на труд е:

**Министерство за внатрешни работи** (во натамошниот текст: Министерството)

- Контакт телефон: 011 / 274-0000.
- Електронска адреса: info@mup.gov.rs.
- Регистрирано седиште: бул. Михајло Пупин бр. 2а, 11000 Нови Београд

Министерството е контролор и, истовремено, обработувач на лични податоци во согласност со одредбите од Законот за заштита на лични податоци.

За дополнителни прашања во врска со обработката на податоците во Министерството во рамките на давањето на оваа Услуга, може да го контактирате Министерството преку електронска пошта на следнава адреса: openbalkan@mup.gov.rs

**Цел на обработката, правна основа, извор и тип на податоци**

Правната основа за обработка на личните податоци е согласноста на лицето.
Вие давате Ваша согласност за обработка на податоците преку кликнување на копчето „Се согласувам да се обработат моите лични податоци“.
Согласноста за обработката на податоците може да се отповика во секое време (отповикувањето на согласноста не влијае врз дозволата за претходна обработка пред отповикувањето).

Во согласност со одредбите од Законот за потврдување на Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на труд на Западен Балкан („Службен весник на РС – Меѓународни договори“ бр. 27/21), Законот за потврдување на Договорот за интерконекција на шеми за електронска идентификација на граѓаните од Западен Балкан („Службен весник на РС – Меѓународни договори“ бр. 27/21) и

Законот за странски граѓани („Службен весник на РС", бр. 24/18 и 29/19) за целите на потврдување на исполнувањето на условите за издавање Одобрение за слободен пристап до пазарот на труд, Министерството ги предлага следниве лични податоци: име и презиме, датум и земја на раѓање, род, државјанство, единствен матичен број на државјанинот во земјата на потекло, бројот за идентификација од Отворен Балкан, број на барањето за издавање на Одобрението за слободен пристап до пазарот на труд (и бројот на одобрението ако тоа е издадено), број на лична карта или пасош и фотографија од горенаведените документи, ЕБС број на државјанинот, брачен статус, име и презиме на мајката и таткото и моминско презиме на мајката, електронска адреса и број на телефон, адреса на идното престојувалиште во Република Србија, ниво на квалификација и занимање.

Податоците обработени од Министерството се стекнуваат преку порталот на еВлада.
Обработените податоци за чуваат во збирка на податоци за период од 10 години.

**Обелоденување на податоците – корисници на податоците**

Податоците обработени од Министерството за целите за потврдување на исполнувањето на условите за издавање Одобрение за слободен пристап до пазарот на труд не се обелоденуваат, ниту даваат на други лица.

**Пренос на личните податоци во друга држава**

Сите лични податоци се обработуваат исклучиво во Република Србија и не се пренесуваат во друга држава или на друга меѓународна организација.

**Постоење на автоматско носење одлуки, вклучително и профилирање**

Во текот на обработката на личните податоци кога Министерството ја дава услугата, не се врши автоматско носење одлуки или профилирање.

**Права на лицата на кои се однесуваат податоците**

Во однос на Вашите лични податоци, имате право да бидете информирани за обработката на Вашите податоци, да побарате пристап, корекција или бришење на Вашите лични податоци од МВР како контролор на Вашите податоци односно, имате право да ги ограничите обработувањето, имате право на претставка, како и права на преносливост на податоците, право да ја отповикате согласноста во секое време (отповикувањето на согласноста не влијае врз дозволата за претходна обработка пред отповикувањето). Како корисник на услугата, имате право да поднесете жалба до Комесарот за информации од јавна важност и заштита на лични податоци, како и да поднесете тужба пред суд, во согласност со Законот за заштита на лични податоци и други права пропишани со закон.
Горенаведените права може да ги искористите со поднесување на барање до контролорот (Министерството) на следнава адреса: бул. Михајло Пупин бр. 2а, 110000 Нови Београд.